Сиг. 0301-41

Инв. Бр. 2/5

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# ВОВЕД ВО ПРАВОТО

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

за III година

Скопје, 2002 година

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ВОВЕД ВО ПРАВОТО

## 1.2. Вид на средно образование: гимназиско

## 1.3. Година на изучување на наставниот предмет: трета

## 1.4. Број на часови на наставниот предмет

1.4.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.4.2. Број на часови годишно: 72 часа

## 1.5. Статус на наставниот предмет: изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *овед во правото* е ученикот да стекне стручно-теоретски знаења од областа на правото и државата, кои ќе ги применува за совладување на содржините од другите области, со цел да се оспособи за продолжување на образованието во соодветните и сродните високообразовни установи.

Од општата цел на наставата по предметот *вовед во правото* произлегуваат следниве посредни цели:

- ученикот да ја познава и применува правната терминологија, посебно од областа на воведот во правото и уставното уредување;
- да го сфати причините за настанување на државата и правото;
- да го разбере местото, улогата и влијанието на државата во политичкиот систем на општеството;
- да ги идентификува белезите и функциите на државата;
- да ги разликува елементите на правниот поредок (елементите на правната норма);
- да го разбере значењето на владеењето на правото и правната држава како императив за демократска држава;
- да ги објасни видовите правни акти и посебните извори на правото;
- да ги споредува правните факти и правните модалитети;
- да ги разликува видовите правни субјекти;
- да ја почитува законската регулатива, приспособувајќи се на општествено - економските и политичките промени;
- да развива позитивен однос кон законитоста во сите сфери од функционирањето на правната држава и владеењето на правото.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од *вовед во правото* , односно за постигнување на поставените цели, потребни се основни знаења стекнати од наставните предмети *социологија* од II година и *граѓанско образование* од основното образование.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **I. НАСТАНУВАЊЕ И ПОИМ ЗА ДРЖАВАТА И ПРАВОТО** | 4 | - Ученикот да го објасни поимот за држава и право;<br>- да ги објасни причините за настанување на државата и правото;<br>- да ги спореди различните пристапи во однос на настанувањето на државата (филозофски, правен и социолошки пристап);<br>- да ги согледа разликите во создавањето на државата кај одделни народи. | Се поттикнува дискусија за поимите држава и право.<br><br>Се организира групна работа на учениците за откривање на причините за настанување на државата и правото.<br><br>Се задолжуваат учениците да изготват есеј врз основа на истражување на литература за социолошкиот, филозофскиот и правниот пристап.<br><br>Се организира групна работа на учениците за изготвување на приказ за создавањето на државата кај одделни народи (државите и правото во старите цивилизации). | *1. Социологија за II година* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Се организира (по можност) посета на учениците на Историскиот музеј на Македонија. | |
| **II. ДРЖАВАТА ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА ОПШТЕСТВОТО** | 3 | - Да ги објасни местото и улогата на државата во политичкиот систем на општеството;<br>- да го опише влијанието на државата врз правото и обратно (влијанието на правото врз државата). | Се води дискусија за местото и улогата на државата во политичкиот систем.<br><br>Се организира групна работа на учениците за меѓусебното влијание на правото и државата. | *1. Социологија за II година* |
| **III. БЕЛЕЗИ И ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА** | 5 | - Да го објасни поимот белези на државата;<br>- да ги објасни видовите белези на државата (територија, население и власт);<br>- да ги наведе функциите и да ја објасни организацијата на државата (државниот апарат). | Се објаснува за поимот белези на државата и се води насочена дискусија преку презентирање на конкретни примери за борбата на некои држави за сопствена држава со сите белези.<br><br>Се организираат учениците во групи за да изработат шематски приказ на белезите на државата. | *1. Социологија за II година* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | На одбран и поделен текст за власта и населението како белези на државата, со употреба на инсерт техниката да се обработи наставната содржина.<br><br>Се презентира карта на Македонија (за презентирање на нејзината територија како белег на државата).<br><br>Се презентира шематски приказ на функциите на државата и се развива дискусија со учениците за функциите и организацијата на државниот апарат, при што учениците даваат сопствени предлози, мислења и заклучоци. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IV. ПОИМ ЗА ПРАВОТО | 5 | - Да ги објасни поимите општествени норми и природни закони;<br>- да ги разликува видовите општествени норми (обичај, морал и правни норми);<br>- да го опише односот и разликите меѓу правото, моралот и обичајот;<br>- да ги објасни поимот и карактеристи-киите на правото. | Со техниката бура на идеи и клучен термин природни закони да се дојде до објаснување на разликите меѓу поимите општествени норми и природни закони.<br><br>Се презентира шема за разликите меѓу правото, моралот и обичајот и се наведуваат и проследуваат примери од секојдневниот живот и практиката за видовите општествени норми.<br><br>Се задолжуваат учениците преку групна работа да изработат шема за видовите правила на однесување, како и есеј за моралните вредности.<br><br>Се организира дебата со учениците за моралот.<br><br>Се организира групна работа на учениците за карактеристиките на правото. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **V. ПРАВЕН ПОРЕДОК** | 10 | - Да ги објасни поимот и елементите на правниот поредок;<br>- да ги објасни поимот и елементите на правната норма;<br>- да ја сфати хипотезата како елемент на правната норма;<br>- да ја објасни диспозицијата и нејзините видови;<br>- да ја идентификува повредата на правото – деликт (прекршок) како елемент на правната норма;<br>- да ја објасни санкцијата како елемент на правната норма. | Се објаснува поимот и елементите на правниот поредок.<br><br>Се презентира структурата на правната норма со употреба на хамер, графофолија или ЛЦД проектор.<br><br>Со употреба на анализа на текст (текст метода) учениците анализираат делови од Кривичниот закон со цел да се разграничи кое однесување е дозволено, а кое е противправно.<br><br>Се наведуваат примери од практиката за хипотеза, диспозиција, деликт и санкција и се организира групна работа за елементите на правната норма врз основа на стекнатите знаења на учениците, со цел практично интерпретирање и идентификација на нивната структура. | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематска целина:<br>- Поим за правото. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Се задолжуваат учениците да направат истражување во кои области на системот се вршат противправни дејствија на луѓето при што даваат предлози за нивно санкционирање, ги утврдуваат причините кои доведуваат до тоа и ги посочуваат компетентните институции кои се занимаваат со прашања од оваа област.<br><br>Со грозд техниката и клучен термин правна норма се проверува стекнатото знаење. | |
| **VI. ПРАВНИ АКТИ** | 15 | - Да искаже дефиниција за поимот правен акт;<br>- да ги разликува видовите правни акти;<br>- да ги објасни видовите општи правни акти – формални извори на правото (устав и закон);<br>- да ги идентификува видовите подзаконски акти (уредба, наредба, правилник, упатство, одлука и указ); | Со техниката бура на идеи се идентификуваат и забележуваат термини во врска со поимот и видовите правни акти.<br><br>Се читаат и коментираат делови од Уставот на РМ и некој закон, при што | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематски целини:<br>- "Поим за правото";<br>- "Правен поредок". |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги објасни посебните извори на правото;<br>- да го објасни поимот за поединечни правни акти;<br>- да ги класифицира видовите поединечни правни акти (управен акт, судски акт и правни дела);<br>- да ја опише законитоста и противправноста на правниот акт;<br>- да ги разликува правната сила, правосилноста, конечноста и извршноста на правните акти. | учениците донесуваат заклучоци во кои извори на правото се класифицираат горенаведените правни акти.<br><br>Се проследуваат примери од практиката за видовите поединечни правни акти.<br><br>Се организира групна работа со цел учениците да наведуваат што е можно повеќе примери од практиката и секојдневниот живот за законитоста и правосилноста на правниот акт.<br><br>Се организира дебата со цел учениците самостојно да го одредуваат настапувањето на правосилноста и извршноста на правните акти. Посебно се истакнуваат девијантните појави во оваа област при што учениците даваат предлози за нивно превенирање. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **VII. ПРАВНИ ОДНОСИ** | **10** | - Да искаже дефиниција за поимот правен однос;<br>- да ги разликува елементите на правниот однос;<br>- да го сфати правното овластување;<br>- да го објасни правното задолжение;<br>- да го определи објектот на правниот однос;<br>- да ги опише правните факти;<br>- да ги разликува правните модалитети (услов, рок и налог). | Со техниката бура на идеи се дефинира поимот правен однос.<br><br>Се задолжуваат учениците да направат истражување за правното овластување и правното задолжение користејќи примери од практиката. Потоа следи дискусија за резултатите од истражувањето при што учениците даваат сопствени мислења и заклучоци.<br><br>Се презентира шема за објектите на правнот однос.<br><br>Се води насочена дискусија за правните факти и модалитети со изнаоѓање на разликите и сличностите меѓу нив.<br><br>Се организи практично пресметување на роковите. | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематска целина:<br>- “Правни акти”. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **VIII. СУБЈЕКТИ НА ПРАВОТО** | 8 | - Да искаже дефиниција за поимот за субјект на правото;<br>- да разликува видовите правни субјекти;<br>- да го идентификува физичкото лице како субјект на правото (правна и деловна способност);<br>- да го определи правното лице како субјект на правото. | Се објаснува поимот правен субјект при што се поттикнуваат учениците преку групна работа да ги идентификуваат разликите меѓу објектите и субјектите на правото.<br><br>Се презентира шематски приказ за видовите правни субјекти.<br><br>Се води дискусија со учениците за правната и деловната способност. | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематска целина:<br>- "Правни односи". |
| **IX. ТОЛКУВАЊЕ НА ПРАВОТО** | 3 | - Да го објасни поимот толкување на правото;<br>- да ги класифицира видовите на толкувања на правните норми. | Се презентираат примери од дневен печат, стручни списанија и "Службен весник" за видовите на толкување на правните норми. | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематска целина:<br>- "Правен поредок". |
| **X. СИСТЕМ НА ПРАВОТО** | 6 | - Да го објасни поимот и значењето на системот на правото;<br>- да ги разликува елементите на правниот систем (правна установа и правна гранка);<br>- да ја идентификува поделбата на правото (јавно и приватно право); | Се поттикнува дискусија за значењето на системот на правото.<br><br>Се презентира шематски приказ на елементите на правниот систем, како и на | *1. Вовед во правото за III година (изборен предмет)*<br>Тематска целина:<br>- "Настанување и поим за државата и правото". |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разликува видовите правни гранки:<br>а. уставно право;<br>б. управно право;<br>в. судско право;<br>г. казнено право;<br>д. граѓанско право;<br>ѓ. лично и семејно право;<br>е. трговско (деловно) право;<br>ж. трудово право;<br>з. меѓународно право. | видовите правни гранки со употреба на графоскоп, хамер или ЛЦД проектор. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по наставниот предмет *вовед во правото,* согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: водење на насочена дискусија, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот:* да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да толкува позитивни законски прописи, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот се:* организирање, планирање и подготовка на наставата, давање инструкциии за работа, поттикнување на дискусии, објаснување, поставување прашања, оценување и поттикнување на самооценување и креативност од страна на учениците, симулирање на процеси и реални ситуации, презентирање, правење забелешки.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *вовед во правото* се изведува преку теоретска и практична настава во училница, организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници – стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и друштвата, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи кои можат да се изведуваат дома и во училиштето. Образовните активности по предметот *вовед во правото* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *вовед во правото* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, обрасци, шеми и сл. согласно Нормативот. Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците, е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, закони и практикуми од соодветни области, коментари на законите.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено, писмените извештаи за реализираните активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажаниот интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година, учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не покаже резултати во реализирањето на конкретните цели на Наставната програма, се постапува според законската регулатива.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по право VII-1, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на Наставната програма по *вовед во правото,* ќе се користи училиница или кабинет опремен со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2003 година

7.2. **Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, раководител, Биро за развој на образованието, Скопје;
2. Д-р Борче Давитковски, професор, Правен факултет, Скопје;
3. Македон Славкоски, наставник, ДСЕПУ “Васил Антевски - Дрен”, Скопје;
4. Ленче Кузманова, наставник, ДСЕПУ “Васил Антевски - Дрен”, Скопје;
5. Д-р Трендафил Ивановски, советник, Уставен суд на Република Македонија, Скопје.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09. 2003 година.

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *вовед во правото* ја одобри (донесе):________________________________________
________________________________ со решение бр. ____________________ од ______________________________ година.